1830 2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖ[БЕН ЛИСТ]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА [ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 16 април 1976
БЕЛГРАД
БРОЈ 15 ГОД. XXXII

Цена на овој број е 24 динари. — Претплатата за 1976 година изнесува 420 динари — Редакција Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт фах 226 — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651 671 · Телекс 11756

**213.**

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за посебната такса на увезени стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/70), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА КОИ ПРИ УВОЗОТ СЕ ПЛАЌА ПОСЕБНА ТАКСА

1. Во Одлуката за определување на стоките на кои при увозот се плаќа посебна такса („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/75), во точка 3 во одредбата под 4 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова одредба под 5, која гласи:

„5) на увозот на пловечки докови за поправка на бродови со носивост над 25000 БРТ (тар. број 89.03/1 од Царинската тарифа), за кои е донесено решение за царинскиот контингент, посебната такса се плаќа по стапка од — — — — — — — — — — 5%.".

2. Оваа одлука се применува на увозот извршен во 1976 година.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 218
9 април 1976 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

**214.**

Врз основа на член 35 од Законот за Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/74), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ НА „ПЛАКЕТА НА БЕЗБЕДНОСТА"

1. Во Одлуката за востановување на „Плакета на безбедноста" („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/74) во точка 2 став 1 се заменува со два нови става, кои гласат:

„На работниците што работат врз работи на безбедноста, Плакетата им се доделува ако тие работи ги вршат ефективно 25 години (мажи), односно 20 години (жени) и ако со својата работа дале значаен придонес за успесите и резултатите на работата на органите и службите за безбедност.

Плакетата може да му се додели и на работник што успешно ќе изврши конкретна задача од посебно значење за безбедноста на Југославија или исклучително ќе придонесе за развојот на службата, подигањето на културата на граѓаните во областа на безбедноста или изградбата на системот на општествената самозаштита, иако не ги исполнува условите во поглед на времето поминато врз работите на безбедноста."

Досегашните ст. 2 и 3 стануваат ст. 3 и 4.

2. Во точка 6 запирката по зборот: „Плакетата" и зборовите: „освен за лицата од точка 2 ст. 1 и 2 на оваа одлука," се бришат.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 223
9 април 1976 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

**215.**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за полагање депозит при инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/75), во согласност со одредбата на точка 3 од Одлуката за критериумите и постапката за ослободување од обврската за полагање депозит при инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/75), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ ДЕПОЗИТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ПРИ ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНОТО СТОПАНСТВО ВО САП ВОЈВОДИНА

1. Се ослободуваат од обврската за полагање на депозитот од член 3 на Законот за полагање депозит при инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции инвеститорите во Социјалистичка Автономна Покраина Војводина што вршат определени инвестициони вложувања во објекти и опрема на комуналното стопанство, и тоа:

1) Комуналната установа „Градско зеленило" — ООЗТ „Погребна служба", Нови Сад при инвестиционите вложувања во набавка на камиони и погребни коли;

2) Комуналното претпријатие „Водоканал", Сомбор — при инвестиционите вложувања: во изградба на објекти на водозафатот на јавниот водовод; во уреди за поправка на квалитетот на водата за пиење; во изградба на црпни станици, водовод и канализација и црпни станици на јавната канализација; во објекти на водовод и канализација; во опрема за обезбедување на објектите на водовод и канализација и во опрема и механизација за вршење на дејноста на изградбата и одржувањето на јавниот водовод и канализација;

3) Комуналното претпријатие „6. Октобар", Кикинда, и тоа:

— ООЗТ „Водовод", Кикинда — при инвестиционите вложувања во изградба на водовод, црпна станица и артески бунар, во реконструкција на водоводната мрежа и набавка на опрема и возила за вршење на основната дејност на организацијата;

— ООЗТ „Канализација", Кикинда — при инвестиционите вложувања во набавка на бетонска мешалка, вибратор, нивелман и механички набивач на земја;

— ООЗТ „Чистоќа", Кикинда — при инвестиционите вложувања во набавка на автоцистерна, чистачка, цистерна, погребни коли, возила за одвоз на густи фекалии и во изградба на уреди за одржување на хигиената;

— ООЗТ „Градитељ", Кикинда — при инвестиционите вложувања во набавка на уреди за посипување на сол,натоварувачи, вибро-плочи и возила за превоз на алати за одржување на локалните патишта.

2. Инвеститорот е должен пред започнувањето на инвестицијата за чие вршење според одредбите на точка 1 од ова решение е ослободен од обврската за полагање на депозитот да ѝ ги соопшти на надлежната служба на општественото книговодство називот, односно краткиот опис на инвестиционото вложување, со претсметковната вредност на тоа вложување.

3. Службата на општественото книговодство ги води податоците од точка 2 на ова решение во евиденцијата за нестопанските и непроизводните инвестиции што се ослободени од обврската за полагање на депозитот од точка 1 на ова решение.

4. Инвеститорот што инвестиционото вложување од точка 1 на ова решение го започнал до денот на влегувањето во сила на ова решение и го уплатил депозитот од член 3 на Законот за полагање депозит при инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции, може од надлежната служба на општественото книговодство да бара уплатениот износ на депозитот да му го врати. Кон барањето за враќање на депозитот инвеститорот е должен да поднесе докази за извршената уплата на депозитот.

Службата на општественото книговодство, по барањето од став 1 на оваа точка, ќе го врати уплатениот депозит во рок од осум дена од денот на приемот на барањето.

5 Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 219
9 април 1976 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

## 216.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА НА УВОЗОТ НА ПЛОВЕЧКИ ДОКОВИ

1. На увозот на производите од долунаведениот тарифен број, односно став на Царинската тарифа, наместо царинската стапка предвидена во Царинската тарифа, односно во Решението за одредување на пониски царински стапки на увозот на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/73, 45/73 и 61/75) и Одлуката за зголемување на царинските стапки за увоз на определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/75), ќе се применува следната царинска стапка:

| Тарифен број | Наименување | Царинска стапка |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 89.03/1 | Пловечки докови<br>Ex.<br>Пловечки докови наменети за поправки на бродови со носивост над 25000 БРТ, под услов увозникот да има склучен договор со Југословенската воена морнарица | Сл. |

2. Ова решение се применува на увозот извршен во 1976 година.

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 220
9 април 1976 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

## 217.

Врз основа на член 184 став 4 од Законот за народната одбрана („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/74), сојузниот секретар за народна одбрана пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕТО, СПРОВЕДУВАЊЕТО И ТРАЕЊЕТО НА ОБУКАТА НА МЛАДИНАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ ВОЕНИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ

### I. Основни одредби

Член 1

Обуката на младината за стекнување воени знаења и вештини (во натамошниот текст: обуката) се организира и се спроведува во младински наставни единици што се формираат при определени единици на Југословенската народна армија.

При кои единици на Југословенската народна армија ќе се формираат младински наставни единици и ќе се организира и спроведува обуката определуваат командантот на армија, командантот на военопоморска област и командантот на воено подрачје.

Член 2

На обуката, согласно одредбата на член 184 став 2 од Законот за народната одбрана, се упатуваат:

1) младинците што не посетуваат средна школа или што не завршиле најмалку два класа средна школа — во календарската година во која наврщуваат 17 години возраст;

2) редовните ученици на средни школи, вклучувајќи ги и сите ученици на школите на ученици во стопанството, односно школите за квалификувани работници — во календарската година во која треба да завршат втор клас;

3) редовните и вонредните студенти на виши и високи школи — машки — во календарската година во која треба да је завршат првата година на студии.

Ако лицата од став 1 на овој член не се упатат на обука во календарската година означена во тој став од кои и да било причини или се упатат, а обуката не ја завршиле — се упатуваат на обука во наредната календарска година, а можат да се упатат најдоцна до крајот на календарската година во која наврпгуваат 24 години возраст.

Лицата од ст. 1 и 2 на овој член, во смисла на овој правилник, се сметаат како обврзници на обуката.

Член 3

Обуката на ученици на воени гимназии, ученици на средни школи за внатрешни работи и студенти од насоката на општонародната одбрана на факултети, се организира и се спроведува во рамките на редовната настава во тие школи, односно факултети.

Член 4

На обука не се упатуваат лицата што го отслужиле воениот рок и лицата што се повикани на отслужување на воениот рок.

На обврзниците на обуката, под условите предвидени со овој правилник, обуката може да им се одложи или прекине.

Член 5

Обуката може да трае најмногу 25 дена.

Траењето на обуката во смисла на став 1 од овој член во текот на една година се определува со посебна наредба.

Обуката на ученици на средни школи и на студенти се изведува за време на летниот школски распуст, а обуката на младинците што не посетуваат средна школа — во време кога земјоделските работи не се во тек.

Член 6

Обврзниците на обуката, за времето за кое се наоѓаат на обука, носат униформа со ознака. Ознаката се носи на левиот ракав од блузата или летната кошула.

Ознаката од став 1 на овој член има облик на штит во големина 6×8,4 cm. Штитот е во жолта боја, порабен со црвена лента во широчина од 2 mm. Во горниот дел на штитот е вцртано знамето на СФРЈ. На средината на штитот е знакот на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија околу кој со букви во црвена боја се испишани натписите: „Општонародна одбрана" и „Младински наставни единици". Во долниот агол на штитот се наоѓаат вцртани две крстосани пушки.

Цртежот на ознаката од став 1, односно став 2 од овој член е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 7

Обврзниците на обуката ги повикува и ги упатува на обука општинскиот орган на управата надлежен за работите на народната одбрана, во согласност со бројниот распоред на обврзниците на обука и со барањето од командата на единицата на Југословенската народна армија при која се организира и спроведува обуката (во натамошниот текст: единицата на ЈНА што спроведува обука).

## II. Евиденција

Член 8

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на народната одбрана (во натамошниот текст: надлежниот општински орган) устројува и води евиденција за обврзниците на обука според живеалиштето на обврзниците на обука, според системот на картотека.

За водење на евиденцијата од став 1 на овој член се користи Картон на обврзниците на обука за стекнување воени знаења и вештини. Образецот на тој картон е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 9

Надлежниот општински орган, врз основа на евиденцијата за обврзниците на обука, доставува до командата на надлежниот воен округ извештај за бројот на обврзниците на обука по категориите (член 10 став 3) во два примерока, најдоцна до 15 јануари тековната година.

По приемот на извештајот од став 1 на овој член командата на надлежниот воен округ ги обединува податоците по категориите на обврзниците на обука и, заедно со тие податоци, по еден примерок од извештајот доставува до надлежната команда на армијата, воепоморската област, односно военото подрачје — најдоцна до 1 февруари тековната година.

Член 10

Надлежната команда на армијата, воепоморската област, односно военото подрачје, по приемот на извештајот од член 9 став 2 на овој правилник, составува броен распоред (разрез) на обврзниците на обука по единиците на ЈНА што ја спроведуваат обуката.

Со бројниот распоред се определуваат: бројот на обврзниците на обука по категориите, времето на спроведувањето на обуката, единицата на ЈНА што ја спроведува обуката и местото во кое ќе се спроведува обуката.

Категориите на обврзниците на обука во бројниот распоред се искажуваат на следниот начин:

1) обврзници на обука што не посетуваат школа (член 2 став 1 точка 1);

2) обврзници на обука — ученици на средни школи (член 2 став 1 точка 2);

3) обврзници на обука — студенти (член 2 став 1 точка 3), и тоа посебно:

— студенти по медицина, фармација и стоматологија;

— студенти по ветерина;

— студенти на виши школи за внатрешни работи;

— други студенти на виши и високи школи.

Бројниот распоред на обврзниците на обука се доставува преку командата на надлежниот воен округ до надлежниот општински орган — најдоцна до 1 март тековната година.

Член 11

Надлежниот општински орган, во согласност со бројниот распоред од член 10 на овој правилник, составува поединечен распоред на обврзниците на обука по категориите, единиците на ЈНА што спроведуваат обука, времето на спроведувањето на обуката и местото во кое се спроведува обуката.

По извршениот поединечен распоред од став 1 на овој член, надлежниот општински орган составува Список на обврзниците на обука за стекнување воени знаења и вештини, посебно за секоја категорија на обврзниците на обука, во четири примероци. Два примерока од тој список надлежниот општински орган доставува до единицата на ЈНА што ја спроведува обуката — најдоцна еден месец пред почетокот на обуката, а два примерока задржува за своите потреби.

Образецот на списокот од став 2 на овој член е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 12

По завршената обука единицата на ЈНА што ја спроведува обуката му враќа на надлежниот општински орган еден заверен примерок од Списокот на обврзниците на обука за стекнување воени знаења и вештини (член 11 став 2), а вториот заверен примерок од тој список го задржува за своите потреби и го чува пет години.

Член 13

Единицата на ЈНА што ја спроведува обуката на секој обврзник што ја завршил обуката му издава Уверение за завршената обука за стекнување воени знаења и вештини. Образецот на тоа уверение е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

### III. Повикување на обука

Член 14

Надлежниот општински орган, врз основа на бројниот распоред и барањето што ќе го добие од надлежната воена команда, како и врз основа на податоците со кои располага, ги повикува обврзниците на обука со писмен позив.

Образецот на позивот за обука е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 15

Позивот за обука му се доставува на обврзникот на обука најдоцна на два месеца пред упатувањето на обука.

Обврзникот на обука е должен на позивот за обука да му се јави на определениот орган во местото и во времето што се означени во позивот.

Лицето од став 2 на овој член е должно со себе да ги понесе личните предмети и исправи, што се наведени во позивот за обука.

Ако повиканото лице не се одзове на позивот и не го оправда својот изостанок или ако на друг начин ја избегнува обуката, одговара за прекршок предвиден во член 226 точка 6 од Законот за народната одбрана.

Член 16

На обука нема да се повикува, односно упатува:

1) обврзник на обука неспособен за обука;

2) обврзник на обука што се наоѓа на одобрен престој во странство;

3) обврзник на обука што правосилно е осуден поради кривично дело на безусловна казна за твор, односно казна строг затвор — додека не ќе ја издржи казната или не ќе биде пуштен на условен отпуст;

4) обврзник на обука што е упатен во воспитно-поправна установа заради извршување на воспитна мерка — додека се наоѓа на извршување на таа мерка;

5) обврзник на обука против кого е поведена кривична постапка поради кривично дело за кое се гони по службена должност — додека постапката не ќе биде правосилно завршена.

Обврзникот на обука од точка 2 став 1 на овој член може да се повика, односно упати на обука ако се врати во Југославија на постојан престој или се врати на привремен престој подолг од три месеци.

### IV. Одлагање и прекинување на обуката

Член 17

На обврзниците на обука може обуката да им се одложи од следните причини:

1) поради смрт или тешка болест во потесното семејство на обврзникот на обука;

2) ако поради елементарна или друга непогода со упатувањето на обврзникот на обука неговото потесно семејство би било доведено во тешка положба — за време додека постојат тие причини;

3) ако во исто домаќинство има двајца или повеќе обврзници на обука што на обука треба да појдат истовремено.

Обуката ќе им се одложи на обврзниците на обука во случај на акутна болест или повреда на обврзниците — додека трае болеста, односно додека повредата не ќе биде излечена.

Член 18

Барање за одлагање на обуката може да поднесе обврзникот на обука или член на неговото потесно семејство, а се поднесува усно или писмено до надлежниот општински орган.

Член 19

Обуката на обврзникот му се прекинува ако за време на траењето на обуката се разболи или потешко телесно се повреди и ако поради тоа не може да ја посетува обуката подолго од пет дена.

Обуката на обврзникот на обука може да му се прекине, по негово барање или по барање од член на неговото потесно семејство, во случај на смрт или тешка болест или друга тешка состојба во потесното семејство.

За прекинување на обуката одлучува старешината на единицата на ЈНА што ја спроведува обуката.

Член 20

Обврзникот на обука на кој му е прекината обуката во смисла на член 19 од овој правилник, се упатува на довршување на обуката во годината во која бил упатен на обука или во наредната година.

На довршување на обуката нема да се упатува обврзник на обука што на обука бил најмалку 15 дена во непрекинато траење.

### V. Упатување на обука

Член 21

Надлежниот општински орган што ги повикал обврзниците на обука обезбедува присобирање на обврзниците на обука на определено место, го контролира нивниот одзив и врши смотра, а потоа организирано ги упатува во единицата на ЈНА што ја спроведува обуката.

Член 22

Надлежниот општински орган, што ги повикал обврзниците на обука, организира, по правило, групен превоз на обврзниците и презема потребни мерки на обезбедување и сигурност за време на превозот.

За превоз на обврзниците на обука се користат средства на јавниот сообраќај. Височината на надоместот за превоз и видот на превозното средство се определуваат според одредбите на прописите за надоместите на патните и други трошоци во Југословенската народна армија што се однесуваат на војниците.

Ако превозот на обврзниците на обука не може да се организира со редовни линии на јавниот сообраќај, надлежниот општински орган може со соодветна организација на здружен труд да склучи посебен договор за превоз на тие обврзници.

Надоместот за превоз на обврзниците на обука паѓа врз товар на финансискиот план на Сојузниот

секретаријат за народна одбрана, а го исплатува надлежниот општински орган што го организира превозот според прописите со кои е уреден начинот на исплатувањето на надоместот на лицата во резервниот состав за време на службата во Југословенската народна армија и во врска со воената служба.

По исклучок од одредбата на став 4 од овој член, ако надлежниот општински орган по завршетокот на обуката не организира превоз на обврзниците на обука и ако не го исплатил надоместот за превоз, тој надомест го исплатува единицата на ЈНА што ја спроведува обуката.

## IV. Оценување на способноста за обука

### Член 23

Здравствени прегледи на обврзниците на обука, заради оценување на нивната способност за обука, ги организира надлежниот општински орган што врши упатување на обврзниците на обука, во соработка со школите и со соодветните здравствени организации.

Здравствените прегледи на обврзниците на обука — ученици и студенти ги вршат соодветните здравствени организации што обезбедуваат здравствена заштита на школската, односно студентската младина (школски или студентски поликлиники и др.), во рамките на систематските прегледи, согласно со прописите на републиката, односно автономната покраина.

Обврзниците на обука — младинци што не посетуваат средна школа, ако не се опфатени со систематски прегледи, се упатуваат во соодветни здравствени организации заради преглед и оценување на способноста за обука. Тие прегледи се вршат според методологијата што се применува при здравствените прегледи на учениците на средни школи, односно на студенти, согласно со прописите на републиката, односно автономната покраина.

### Член 24

За оценување на способноста на обврзниците на обука ќе користат: податоците добиени со систематските прегледи со кои располагаат здравствените организации од член 23 ст. 2 и 3 на овој правилник, податоците добиени со лекарските прегледи извршени на барање од обврзниците на обука и податоците на регрутните комисии за обврзниците — — регрути.

### Член 25

Обврзниците на обука што при регрутниот преглед се оценети „способен за воена служба" или „ограничено способен за воена служба", се сметаат како способни за обука и нивната способност не се оценува, освен ако тоа го бараат сами.

Обврзниците на обука што при регрутниот преглед се оценети привремено неспособен за воена служба" или „неспособен за воена служба во мирновременска состојба", се упатуваат на оценување на способноста за обука.

Обврзниците на обука што при регрутниот преглед се оценети „постојано неспособен за воена служба", се сметаат како неспособни за обука.

### Член 26

Способноста на обврзниците на обука, врз основа на документацијата и податоците добиени од здравствените организации од член 23 ст. 2 и 3 на овој правилник, односно од регрутните комисии, ја оценува комисијата што ќе ја формира надлежниот општински орган.

Во составот на комисијата од став 1 на овој член задолжително се определува еден лекар.

### Член 27

Обврзниците на обука не се упатуваат на обука ако боледуваат од болест, односно ако имаат мани и недостатоци што се наведени во Списокот на болестите, маните и недостатоците поради кои обврзникот на обука не се упатува на обука за стекнување воени знаења и вештини.

Списокот од став 1 на овој член е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

### Член 28

Ако лекарот што врши санитетско обезбедување на обуката во единицата на ЈНА што ја спроведува обуката утврди дека обврзникот на обука е болен и дека болеста ќе трае подолго од пет дена, го упатува обврзникот на обука до лекарската комисија што ја формира старешината на таа единица заради оценување на способноста за обука.

## VII. Преодна и завршна одредба

### Член 29

Обуката на обврзниците — студенти (член 2 став 1 точка 3) ќе започне да се спроведува во 1976 година, а обуката на другите обврзници на обука — — во 1977 година.

### Член 30

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. в. п. бр. 17
5 април 1976 година
Белград

Сојузен секретар за народна одбрана генерал на армија,
**Никола Љубичиќ**, с. р.

ОЗНАКА



## КАРТОН
## НА ОБВРЗНИКОТ НА ОБУКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ ВОЕНИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ

1. Презиме, татково име и име ——————
2. Датум и место на раѓањето ——————
3. Место на живеењето ——————
(општина, место, улица и број)
4. Занимање ——————
5. Податоци за вработувањето ——————
6. Здравствена способност за обука ——————

---

7. Извршување на обуката: 1) планиран за обука во времето од —— до —— 19—
2) време поминато на обука од —— до —— 19——
3) воена пошта при која ја завршил обуката —————— (број и место)
4) пофалби и награди за време на обуката ——————

---

8. Податоци за: 1) одлагањето на обуката ——————
2) прекинувањето на обуката ——————
3) ослободувањето од обуката ——————

---

9. Други податоци:

---

10. Картонот устроен —— 19—— година

Потпис
на овластеното лице,
——————

### УПАТСТВО ЗА ВОДЕЊЕ НА КАРТОНОТ

1. Во рубриката под 4 се внесуваат податоци за тоа што работи обврзникот на обуката, на пр.: „ученик на 2. клас средна школа", „студент на прва година медицинска насока" (за сите студенти по медицина, фармација и стоматологија) или „студент на прва година на виша школа за внатрешни работи", или „студент на прва година" (за сите студенти, освен студентите по медицина, фармација и стоматологија, ветерина и на виши школи за внатрешни работи), или „работник", „земјоделец" и сл.;

2. Во рубриката под 5 се внесуваат податоци само за оние обврзници што се наоѓаат во постојан работен однос, на пр.: работник во Фабрика „Иво Лола Рибар";

3. Во рубриката под 6 се внесува заклучок на комисијата за здравствената способност на обврзникот за обука, на пр.: „способен", „неспособен", „поради акутно заболување одложена му е обуката за еден месец" и сл.;

4. Во рубриката под 7 под 1 податокот се внесува при утврдувањето на поединечниот распоред на обврзниците за обука, а под 2, 3 и 4 податоците се внесуваат веднаш по добивањето на извештајот од единицата на ЈНА при која е изведена обуката;

5. Во рубриката под 8 под 1, 2 и 3 се внесуваат податоци за основот по кој обуката е одложена или прекината, односно по кој обврзникот на обука е ослободен од обуката и кој донел решение за тоа;

6. Во рубриката под 9 се внесуваат податоци значајни за спроведување на обуката, според оцената на надлежниот општински орган.

Картотеката се устројува за една генерација обврзници на обука, и тоа по категориите, одвоено:

— за обврзниците што не посетуваат средни школи или школи на ученици во стопанството, односно школи за квалификувани работници;

— за обврзниците што посетуваат средни школи или школи на ученици во стопанството, односно школи за квалификувани работници;

— за студенти на прва година студии — одвоено за: студенти на медицински насоки (заедно медицина, фармација, стоматологија); одвоено за студенти по ветерина; одвоено за студенти на виши школи за внатрешни работи и одвоено за сите други студенти на прва година студии.

За обврзниците на обука што во текот на една година по кој и да било основ не ќе ја завршат обуката, нивните картони се издвојуваат и се вклучуваат во картотеката за наредната година.

Картотеката на една генерација обврзници на обука што ја завршиле обуката на крајот на годината се одвојува и се чува пет години, а потоа се уништува.

(отпечаток на штембилот)

## СПИСОК
## НА ОБВРЗНИЦИТЕ НА ОБУКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ ВОЕНИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ

Категорија на обврзниците на обука ——————
Општина ——————

| Реден број | Презиме татково име и име | Година на раѓањето | Место на раѓањето | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Заклучен со редниот број ——
Место ——————

Потпис
на овластеното
лице,

Датум ———— 19—— година

М.П. ——————

### УПАТСТВО ЗА ИЗРАБОТКА НА СПИСОКОТ

Во колоната 5 се внесуваат податоци за: неодзовување на позив, одлагање и прекинување на обуката и за извршување на обуката, на пр.: „не се одзвал на позивот", „обуката одложена за 15. VIII", „прекината обуката поради ——————" или „ја завршил обуката".

Списокот се изработува врз основа на картотеката и бројниот распоред (разрезот) за обука, и тоа посебно по категориите, а посебно по групите — насоките за обука (член 10 од Правилникот за организирањето, спроведувањето и траењето на обуката на младината за стекнување воени знаења и вештини).

Списокот се изработува во четири примероци, од кои два примерока се доставуваат до единицата на ЈНА што ја спроведува обуката, а два примерока надлежниот општински орган задржува за своите потреби. Единицата на ЈНА што ја спроведува обуката, еден примерок од списокот со внесените податоци за извршувањето на обуката го заверува и по завршетокот на обуката му то враќа на надлежниот општински орган, а еден примерок од списокот со внесените податоци задржува за своите потреби.

(отпечаток на штембилот)

## УВЕРЕНИЕ

## ЗА ЗАВРШЕНАТА ОБУКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ ВОЕНИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ

————————— роден —————————
(презиме и име) (ден, месец и година на раѓањето)

во ——————————————.
(место и општина на раѓањето)

Реден број под кој обврзникот се води во Списокот на обврзниците на обуката за стекнување воени знаења и вештини ——————

Ја завршил обуката за стекнување воени знаења и вештини во Воената пошта ———— од ———— до ———— 19—— година.

Потпис
на надлежниот
старешина на единицата
на ЈНА,

Датум ——— М.П. ——————

(отпечаток на штембилот)

## ПОЗИВ

За ———————— роден ———————— 19— година, со стан во ———————— општина ————.

Ве повикуваме да се јавите неизоставно на ———— 19—— година во ———————— часот на органот на управата за народна одбрана на Собранието на општина ———— Улица ———— бр. ———— заради упатување на обука на младината за стекнување воени знаења и вештини.

Обуката ќе се изведува во Воената пошта ——— во времето од ———— до ———— 19—— година.

Неодзовување на позивот повлекува одговорност според член 226 точка 6 од Законот за народната одбрана („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/74).

При доаѓањето на обука да се донесе: лична карта, ученичка книшка, односно индекс, прибор за одржување на личната хигиена (четче за заби, четка за облека и четка за чистење обувки), две поткошули — маици, две рала гаќи, спортски гаќи, гаќи за капење две шамичиња, пиџама и две крпи за бришење.

Обврзникот на обука е должен да дојде уреден, пристојно избричен и потстрижен.

Потпис
на овластеното лице,

М.П. ——————

## ДОСТАВНИЦА

(Презиме, татково име и име на обврзникот на обука)

Го потврдувам приемот на позивот бр. ———— од ———————— 19—— година заради извршување на обврската на обука за стекнување воени знаења и вештини за ден ———————— 19—— година во ——— часот. Позивот ми е врачен на ———————— 19—— година.

Потпис на доставувачот, Потпис на примачот,

## СПИСОК

## НА БОЛЕСТИТЕ, МАНИТЕ И НЕДОСТАТОЦИТЕ ПОРАДИ КОИ ОБВРЗНИКОТ НА ОБУКА НЕ СЕ УПАТУВА НА ОБУКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ ВОЕНИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ

Обврзниците на обука не се упатуваат на обука за стекнување воени знаења и вештини ако боледуваат од болести, односно ако имаат мани или недостатоци што се наведени во овој список.

Болести, мани и недостатоци се:

1) сите облици на активна туберкулоза и сите облици на инактивна туберкулоза на белите дробови од поголем обем, како и сите облици на активна и инактивна туберкулоза на другите органи: носот и гркланот, белодробната обвивка, централниот нервен систем (CNS), цревата, стомачната обвивка, коските, зглобовите, урогениталните органи, кожата, лимфните жлезди, органите на видот, срцевото ќесе и сл.;

2) вирусна жолтица, трахом, полови болести (сифилис и сл.), ехинокок и други паразитарни заболувања;

3) сите облици на малигни и бенигни неоплазми, што предизвикуваат потешки функционални и естетски растројства;

4) заболувања на штитовидната жлезда со функционални и естетски растројства, шеќерна болест, изразени растројства и заболувања на други ендокрини жлезди, distrophio, talus adiposogenis во појак степен, хипербилирубинемија над 2 милиграма;

5) заболувања на крвта и крвотворните органи и пернициозна анемија, хемофилија, состојби по спленектомија;

6) душевни растројства: психози (shisofrenija), манијачна депресивна психоза, параноја и др.).

Растројства на личноста: изразито емоционално незрели личности; психопати и асоцијални и антисоцијални; јадровни неврози и сл.; евидентирани наркомани; потешки облици на невроциркулаторни дистонии; изразито растројство на говорот (дизартрии); ноќно мочање; средни и потешки облици на душевна заостанатост IQ под 80;

7) болести на нервниот систем: органски заболувања CNS што оставаат потешки последици; мускулни заболувања (distrophio musculorum progresiva); дистрофичка миотонија; myastenio gravis; епилепсија; заболувања на периферните нерви со потешки растројства;

8) заболувања и мани на окото: потешки воспаливи состојби на обете очи; кратковидост или далековидост на обете очи над 8 диоптрии; сложен астигматизам на обете очи со рефракција на едниот меридијан над 6 диоптрии; пареза на очите со диплопија; глауком; трајно намалување на остринатa на видот на секое око под 0,40, намалување на остринатa на видот на едно око под 0,20, а на другото под 0,70; афакии; луксации на леќите; срастување на капаците на окото со растроена функција на видот; недостаток на едно око;

9) болести на ушите и processus mastoideus: хронични гнојни воспалувања на средното уво со оститичен процес или холестеатом: изразити растројства

на вестибуларната функција; глувонемост; наглувост под 2/6;

10) болести и мани на циркулаторниот систем; ревматска треска; стечени и вродени срцеви мани со изразити функционални растројства; оперирани мани и заболувања на срцето; повишување на крвниот притисок над 170 mm HG; прележан ендокардит и миокардит со функционални растројства; потешки растројства во спроводниот систем на срцето; аневризми; вродени аномалии на крвните судови; periartritis nodosa; елефантијази;

11) болести и мани на респираторниот систем; тешки облици на хроничен бронхитис; енфизем; пневмокониози; хронични пневмонии; бронхијална астма; озена; склером; голем естетски дефект (целосен недостаток на носот); atresio hoanae; вродени и стечени мани на грклановт; pneumothorax; последици од хронични заболувања на белите дробови и на белодробната обвивка;

12) болести и мани на дигестивниот систем: вродени и стечени мани на усната шуплина и јазикот; вилиците, виличните зглобови и плунковните жлезди; потешки заболувања на хранопроводот; улкусна болест со потешки функционални растројства; големи хернии што прават функционални пречки; потешки заболувања на ректумот и анусот; хроничен хепатитис;

13) болести и мани на урогениталниот систем: тешки хронични заболувања на бубрезите; хидронефрози; камен во бубрегот со тешко функционално растројство; тешки и долготрајни заболувања на мочниот меур; тешки аномалии на мочната цевка и половите органи;

14) болести на кожата и поткожното ткиво: тешки облици на егзема; фотодерматози со функционални растројства; псоријаза; sclerodermia cutis;

15) болести, мани и недостатоци на мускулно-коскениот систем: хронични заболувања на зглобовите со тешки деформитети; акутен и хроничен остеомиелитис; заболувања на коските и 'рскавиците; недостаток на коскено ткиво на черепот со функционално растројство; неизлечиви хабитуални луксации на големите зглобови; анкилози на зглобовите со тешки функционални растројства; псевдоартрози на поголемите коски; контрактури на рамото, лакотот, рачниот зглоб, скочниот зглоб, со потешки функционални растројства; аномалии на шаката со тешки функционални растројства; рамни табани во силно изразен облик; valgus и varus — положба на нозете со над 15 cm помеѓу внатрешниот maleolus, односно epikondilus на бутната коска; недостиг на горните екстремитети; скратување на горните екстремитети над 10 cm; недостаток на три или повеќе прсти на една шака; недостаток на долниот екстремитет; скратување на долен екстремитет над 5 cm; spina bifida со енуреза;

16) симптоми и недоволно дефинирани состојби: спленомегалии; еритрурии и протеинурии; општа слабост и истоштеност.

---

## 218.

Врз основа на точка 2 од Одлуката за мерките и начинот за утврдување посебна давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/68, 27/68 и 30/69), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за пазар и цени издава

### НАРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПОСЕБНАТА ДАВАЧКА ПРИ УВОЗОТ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Наредбата за височината на посебната давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/73, 27/73, 47/73, 52/73, 5/74, 37/74, 58/74, 65/74 и 23/75) во точка 1 по одредбата под 93 се додава нова одредба, која гласи:

„94) 04.03/1 Путер, свеж во износ од 25,75 динари за 1 килограм.".

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 17-1290/1
7 април 1976 година
Белград

Сојузен секретар
за пазар и цени,
**Имер Пуља**, с. р.

---

## 219.

Врз основа на член 7 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/75), сојузниот секретар за финансии пропишува

### УПАТСТВО

### ЗА РАБОТАТА НА БУЏЕТСКАТА ИНСПЕКЦИЈА НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ

1. Буџетска инспекција на Сојузниот секретаријат за финансии (во натамошниот текст: Буџетската инспекција), во смисла на одредбите на член 7 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1976 година, во постапката на контролата на извршувањето на буџетот на федерацијата, ги врши особено следните работи:

1) ја следи динамиката на остварувањето на изворните приходи на буџетот на федерацијата, ги испитува причините за нередовното притечување на средствата во буџетот на федерацијата и дава предлози за преземање соодветни мерки заради остварување на планираните приходи;

2) ги испитува причините за ненавремено царинење на стоките сместени во царинските магацини, царинските сместувалишта и складови и други простории и простори и предлага мерки за отстранување на тие причини;

3) ја следи законитоста на продажбата на царинските стоки одземени во постапката по царински прекршоци и на стоките на кои им поминал рокот за лежење;

4) го следи применувањето на прописите за царинските олеснениja во царинската постапка;

5) го контролира празнењето на евидентната и депозитната сметка на царинарниците во корист на буџетот на федерацијата;

6) го контролира уплатувањето на придонесите од републиките и автономните покраини;

7) го следи остварувањето на другите приходи на буџетот на федерацијата, како што се царинските такси што се плаќаат во готови пари, конзуларните такси, приходите според посебни сојузни прописи и приходите што со својата работа ги остваруваат органите на федерацијата;

8) го контролира користењето на средствата на буџетот на федерацијата според основните и поблиските намени од страна на органите на федерацијата и другите корисници на средствата на буџетот на федерацијата;

9) врши контрола на пресметката на обврските на федерацијата за пензиите на борците.

2. Буџетската инспекција ги врши и аналитичко-информативните работи од својот делокруг, ука-

жува на појавите и проблемите настанати со применувањето на важечките прописи и дава предлози за отстранување на уочените недостатоци.

3. Буџетската инспекција соработува со другите служби на контролата заради поефикасно извршување на своите задачи.

4. Непосредна контрола на извршувањето на буџетот на федерацијата Буџетската инспекција врши врз основа на финансиските планови, претсметките, програмите, пресметките на деловните резултати во текот на годината, другите пресметки, завршните сметки, како и книговодствената и друга евиденција и документација, што се наоѓаат кај корисникот на средствата на буџетот на федерацијата.

5. Корисникот на средства на буџетот на федерацијата е должен на буџетскиот инспектор да му овозможи преглед на книгите и другата документација, на залихите на стоките, материјалите и ситниот инвентар и да му обезбеди и други услови за вршење на контрола.

6. Буџетскиот инспектор може во вршењето на контролата, од одговорните лица кај корисникот на средствата на буџетот на федерацијата да бара да му дадат и писмени објаснениja во врска со предметот на контролата.

7. За извршената контрола буџетскиот инспектор составува записник. Записникот мора да содржи: назив на корисникот на средствата на буџетот на федерацијата кај кого е вршена контрола, датум и место на вршењето на контролата, име и презиме на буџетскиот инспектор што ја вршел контролата и на одговорното лице кај корисникот на средствата на буџетот на федерацијата, период за кој контролата се врши, предмет на контролата и наод.

По извршената контрола записникот се доставува до корисникот на средствата на буџетот на федерацијата кај кого е вршена контролата во рок од 20 дена од денот на завршената контрола. Во записникот се определува рокот за давање забелешки кој не може да биде подолг од 20 дена од денот на приемот на записникот.

